# При Аллах барам заштита ако некого друг освен Аллах земам за близок пријател. Јас сум Аллахов миленик како што Аллахов миленик беше Ибрахим, алејхи селам

Џундуб, Аллах нека е задоволен со него, раскажува: Слушнав како Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, пет ноќи пред неговата смрт, вели: „ При Аллах барам заштита ако некого друг освен Аллах земам за близок пријател. Јас сум Аллахов миленик како што Аллахов миленик беше Ибрахим, алејхи селам. Доколку некого од луѓето ќе го прогласев за мој многу близок пријател тоа ќе беше Ебу Бекр, но мој најблизок (халил) е Аллах. Навистина, народите пред вас гробовите на Божјите пратеници ги претворија во џамии, вие тоа немојте да го правите – јас тоа ви го забранувам.“

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, нè известува за своето место кое го има кај Возвишениот Аллах и дека достигнал највисоки степени на љубов, како што ги достигнал и Ибрахим, алејхи селам. Затоа негираше дека има близок или присен (халил) освен Аллах, бидејќи неговото срце беше исполнето со љубовта кон Возвишениот Аллах, Неговото величање и познавање, и не можеше да се прошири за никој друг освен за Аллах. Ако имаше некого за близок или присен (халил) од луѓето, тоа ќе беше Ебу Бекр Сидик, Аллах нека е задоволен со него. Потоа предупреди да не се преминува дозволената граница во љубовта, како што направија евреите и христијаните со гробовите на своите пратеници и добрите луѓе, до степен кога ги претворија во идоли кои се обожуваат покрај Аллах, и изградиле џамии и храмови врз нивните гробови. Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, му забранил на својот умет да го прават истото.

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/3347